РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 05-1349/15
03.11 20.23 год.
Василево

Друштво за производство,трговија и услуги
ПЦ КОНТРОЛ ХАРДВЕР ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 462-23
06 11 20 23 год.
Струмица

***ДОГОВОРОТ***
***За изнајмување на бина со опрема за озвучување, маси, столови и чадори/тенди за манифестацијата ,,Празијада во општина Василево“***

***Член 1***

Предмет на овој Договор е ***опрема за озвучување, маси, столови и чадори/тенди за манифестацијата ,,Празијада во општина Василево“***, согласно Одлуката за избор на најповолен понудувач од 02.11.2023 година донесена од страна на одговорното лице на Нарачателот, во постапка за набавка од мала вредност со објавување на оглас бр. ***18779/2023*** за јавна набавка на услуги.

***ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ***

***Член 2***

Договорот е вредносно ограничен на максимален износ, кој е во согласност со предвидените средства за реализација во одлуката за потреба од јавна набавка во износ од 271.518 денари со вклучен ДДВ.

Плаќањето да се врши на банкарска сметка на Извршителот број 250008000636353, што се води во Шпаркасе Банка АД Скопје

***<u>Техничките специфики, количините и единечните цени за поединечните услуги се следните:</u>***

***Изнајмување на бина со опрема за озвучување, маси, столови и чадори/тенди за манифестацијата ,,Празијада во општина Василево’’***

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Ред. бр.*** | ***Вид на материјал*** | ***Мерна единица*** | ***колич ини*** | ***Единична цена без ДДВ*** | ***Вкупна цена без ДДВ*** | ***Процент на ДДВ (%)*** |
| 1 | Бина со трустсо димензии на сегментот: 12м x 10м со висина од минимум 100 cm | број | 1 | 29500 | 29500 | 5310 |
| 2 | Рампа за пред бина со минимални димензии 2 метри ширина, 5 метри должина и 1 метар висина | број | 1 | 17700 | 17700 | 3186 |
| 3 | Високо професионално озвучување минимум од 10.000W за 3.000 луѓе | број | 2 | 23600 | 47200 | 8496 |
| 4 | Монитор активен | број | 2 | 2360 | 4720 | 850 |
| 5 | Монитор пасивен | број | 2 | 2360 | 4720 | 850 |
| 6 | Микрофони жичани со комплет кабли и сталки | број | 6 | 1770 | 10620 | 1912 |
| 7 | Микрофони бежични | број | 2 | 2360 | 4720 | 850 |
| 8 | Миксета за аудио-дигитална 36 канали со минимум 1500 W | број | 1 | 7080 | 7080 | 1274 |
| 9 | Видео ѕид 3мм пиксел за затворен и отворен простор | M2 | 24 | 1770 | 42480 | 7646 |
| 10 | Маси | број | 20 | 590 | 11800 | 2124 |
| 11 | Столови | број | 100 | 141.6 | 14160 | 2549 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | Тенди со максимални димензии 3 метри ширина, 3 метри должина со 3 метри висина | број | 30 | 590 | 17700 | 3186 |
| 13 | Чадори | број | 10 | 708 | 7080 | 1274 |
| 14 | Банер со лого во боја на манифестацијата | број | 1 | 10620 | 10620 | 1912 |
| | | | | Вкупно (1-14) | 230100 | 41418 |

* Понудувачот при формирањето на цените треба да има предвид дека при поставувањето на опремата, треба да има вклучено стручен тим кој ќе работи на опремата за изведување на настаните предвидени на 05.11.2023 година.

Извршителот е должен да ги обезбеди материјалите на кои ќе се печати и вредноста на истите влегува во понудената цена.

Дизајнот на печатот, избраниот економски оператор ќе го изработи во консултација и со претходно одобрување од договорниот орган.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 3**

Договорот се склучува на определен временски период од 1 месец сметано од денот на склучување на договорот.

**ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКИТЕ**

***Член 4***

Извршителот е должен предметот на договорот да го испорачува сукцесивно, по потреба на договорниот орган, за период од 1 месец од денот на склучување на договорот.

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот, врз основа на нарачка од договорниот орган во рок до 2 дена од приемот на нарачката, во хартиена или електронска форма, франко административната зграда на општина Василево.

***Член 5***

Во текот на реализацијата на договорот може да дојде до негово менување согласно со член 119 од Законот за јавните набавки, а имено доколку се јави потреба од дополнителни количини од одредена ставка од предметот на набавка, договорниот орган може да ја набави по исти цени наведени во основниот договор со склучување на анекс кон основниот договор.

**ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

***Член 6***

Во случај на доцнење со испораката на стоките од страна на Извршителот, Нарачателот има право на надомест на штета и договорна казна - пенали.

Договорната казна се определува во висина на 0,1 % од вредноста на неиспорачаната стока за секоја започната недела за првите две недели, односно 0,5% за секоја следна недела задоцнување, но не повеќе од 5% од вредноста на неиспорачаната стока.

Во случај на 2 (две) последователни неиспораки, Нарачателот има право по предходно доставено писмено известување до Извршителот за испорака на услугите во дополнително оставен рок од 10 дена, да го раскине Договорот за испорака на стоките со проста изјава и да склучи Договор за испорака на стоки со второрангираниот понудувач.

Во случај на став 3 од овој член, Извршителот е должен да му ја надомести штетата на Нарачателот.

Нарачателот неможе да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на Добавувачот дека го задржува своето право на договорна казна.

**НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ**

***Член 7***

Плаќањето ќе се врши врз основа на доставена фактура, во рок од 30 (триесет) дена од прием на фактурата во архивот на општина Василево.

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница.

***ПРАВА И ОБВРСКИ НА НАРАЧАТЕЛОТ***

***Член 8***

Нарачателот се обврзува навремено да ги доставува техничките спецификации, да ги дава сите потребни информации и упатства на извршителот за бараната услуга.

***Член 9***

Нарачателот има право да врши надзор над извршувањето на услугите и да дава упатства кога тоа одговара на природата на работите, а извршителот е должен да му го овозможи тоа.

***Член 10***

Нарачателот е должен навремено да ги плаќа обврските кои ќе произлезат врз основа на овој договор.

**Член 11**

Доколку нарачателот забележи дека извршителот не се придржува кон условите на договорот и не работи спрема утврдените технички спецификации, нарачателот најпрво ќе го предупреди и ќе му даде примерен рок да ги усогласи своите обврски, но доколку и по истекот на тој рок извршителот повторно не постапи по барањето, нарачателот може да го раскине договорот и да бара надомест на штета.

***ПРАВА И ОБВРСКИ НА ИЗВРШИТЕЛОТ***

***Член 12***

Извршителот се обврзува дека ќе ги извршува услугите-предмет на договорот врз основа на доставените технички спецификации и упатства од страна на нарачателот а во согласност со позитивните законски прописи, правилата и стандардите за овој вид на работи.

Извршителот се обврзува да ги испорачува услугите во договорениот рок од 2(два)работни дена по добиена нарачка од овластеното лице кај договорниот орган франко административната зграда на општина Василево.

Извршителот нема да одговара за задоцнување ако истото е последица од однесувањето на нарачателот.

***Член 13***

Извршителот се обврзува работите опишани во член 2 од овој договор да ги извршува квалитетно и во разумните рокови,а во случај на неоправдано доцнење со завршувањето на работата нарачателот на работите има право еднострано да го раскине договорот па и да бара надоместок на штета.

***ВИША СИЛА***

***Член 14***

Нарачателот и Извршителот се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон другата страна за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Законот за облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна во случај на настанување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на договорот.

***РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ***

***Член 15***

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

***Член 16***

Доколку двете договорни страни не договорат обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Струмица.

***РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ***

***Член 17***

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

**КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

***Член 18***

Договорните страни се согласни да ги применат највиските стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

***ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН***

***Член 19***

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

***ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ***

***Член 20***

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс - Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

***Член 21***

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои по 2 (две) за Набавувачот и 2 ( два ) за Добавувачот.

| | |
|---|---|
| ***НАРАЧАТЕЛ:*** | ***ДОБАВУВАЧ:*** |
| ***Општина Василево*** | ***Пц Контрол Хардвер Дооел Струмица*** |
| ***Градоначалник,*** | ***Одговорно Лице*** |
| ***Славе Андонов*** | ***Тони Костов*** |
| ________________________ | ________________________ |